Република Македонија
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
СОВЕТ НА ОПШТИНА
0801 - 590
04. 12. 2015 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на член 52 од Статутот на Општина Свети Николе како и одлуката на Совет бр. 0801/563 од 13.11.2015 г. Комисијата за доделување на награди и признанија) распишува:

**Конкурс за прибирање на пријави за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај“**

1. Во чест на празникот „Свети Николај“ Патрон на градот Свети Николе, се распишува Конкурс за награди во следниве категории:

- **Плакети**, се доделуваат на поединци и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на Локалната самоуправа во Општината, заштита и унапредување на животната средина и во други области на животот и трудот што преставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општината Свети Николе во изминатиот период од една година до завршување на конкурсот.

- **Признанија** се доделуваат на поединци и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во во развојот на локалната демократија , стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација во Република Македонија и во светот во изминатиот период од една година до завршување на конкурсот.

- **Благодарници** се доделуваат на поединци и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината во изминатиот период од една година до завршување на конкурсот.

- **Спомен Плакета** се доделува на поединци постхумно, како признание за особени постигнувања во развојот на демократијата и во поттикнувањето на општествениот развој.

2. Право на учество имаат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани, спортски клубови и граѓани како и странски државјани.

3. Во пријавата треба да достават кратка биографија и да образложат за какви остварувања конкурираат. Кон пријавата потребно е да се достави и најмалку една препорака од релевантна институција или истакнат поединец од областа во која се конкурира.

4. Конкурсот трае до Понеделник 12– ти Декември 2015. Пријавите коишто ќе бидат доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.

5. Пријавите да се достават на адреса: Општина Свети Николе, Плоштад Илинден бр. 12 (со назнака за Конкурс за прибирање на пријави за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај") или директо во Архива

Датум 01.12.2015 г.

Комисија за Доделување на награди
и признанија